# Европски правобранител

Европскиот правобранител спроведува истраги за поднесени приговори против институциите, телата, канцелариите и агенциите на ЕУ.

## Цел

Правобранителот дава одговор на приговорите од граѓаните, бизнисите и организациите на ЕУ, помагајќи да се откријат случаи на 'лошо работење' – онаму каде институциите, телата, канцелариите и агенциите на ЕУ го имаат прекршено законот, направиле пропуст во почитувањето на принципите на здрава администрација или повреда на човековите права. Примерите за тоа вклучуваат:

- неправичност
- дискриминација
- злоупотреба на овластувања
- недостиг од или пропуст да се обезбедат информации
- непотребно одложување
- несоодветни процедури.

Канцеларијата на правобранителот спроведува истрага по добивање на приговор или по сопствена иницијатива. Правобранителот е целосно независен и не прима наредби од било која влада или организација. Еднаш во годината, правобранителот поднесува извештај за активностите до Европскиот парламент.

## Избор

Парламентот го избира правобранителот за пет-годишен мандат со право на реизбор. П. Никифорос Диамандоурос, поранешен национален правобранител на Грција, беше повторно избран за пет-годишен мандат во јануари 2010.

## Како можам да поднесам приговор до правобранителот?

Доколку сте незадоволни со некоја институција, тело, канцеларија или агенција на ЕУ, прво треба да дадете можност ситуацијата да се поправи. Доколку тоа не вроди со успех, можете да поднесете приговор до европскиот правобранител.

Приговорот до правобранителот морате да го поднесете во рок од две години од датумот на кој сте станале свесни за проблемот. Притоа, мора јасно да наведете кој сте вие, за која институција или тело поднесувате приговор, и кој е проблемот. Можете да побарате приговорот да биде доверлив.

## Што не презема правобранителот

Правобранителот не може да спроведе истрага:

- за приговори против национални, регионални или локални власти во рамките на земјите на ЕУ (одделенија во владата, државни агенции и локални совети), дури и кога приговорите се однесуваат на прашања поврзани со ЕУ.

- За активности на националните судови или правобранител. Европскиот правобранител не е тело до кое се поднесуваат жалби за одлуки кои се донесени од страна на овие субјекти.
- За приговори против бизниси или приватни лица.

## Што се случува откога ќе се поднесе приговор?

Правобранителот може да го реши вашиот проблем едноставно преку информирање на институцијата, телото, канцеларијата или агенцијата, но доколку нешто повеќе е потребно, правобранителот ќе се обиде да изнајде пријателско решение со кое ќе се исправат работите на ваше задоволство.

Доколку тоа не успее, правобранителот може да даде препорака до дадената институција. Доколку не се прифатат таквите препораки, правобранителот може да направи посебен извештај за Европскиот парламент за да може да се преземе неопходното политичко постапување.

Доколку правобранителот не може да се справи со вашиот приговор – на пример, тоа веќе било предмет на судски процес – правобранителот ќе ве посоветува за тоа кое друго тело ќе може да ви помогне.

Контакти

1, avenue du Président Robert Schuman
CS 30403
FR-67001 Strasbourg Cedex,
France
Tel: +33 3 88 17 23 13
Fax: +33 3 88 17 90 62